РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4110/2
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-седница, продолжение одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12 - 4110/1 од 02.12.2020 година, поднесена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во пријавата се содржани општи наводи, истата нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12 - 4110/1 од 02.12.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 02.12.2020 година, поднесена е пријава против лицето --------- ------------, поранешен директор на Дирекцијата за заштита и спасување и оформен е предмет број 12 - 4110/1 од 02.12.2020 година, со наводи за противзаконско и криминално работење на пријавеното лице во периодот додека ја извршувал функцијата директор на Дирекцијата и се бара надлежните институции да преземат соодветни активности и да ги проверат пријавените дејствија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК утврди дека во пријавата се содржани општи наводи, истата нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава). Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk